Уп. бр. 08-70

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од СПИКА со седиште на 23 плас де Карм Дешо 63000 Клермон-Феран Франција и ФАУРЕЦИА ЕКЗОСТ ИНТЕРНАЦИОНАЛ со седиште на 23-27 Авенија де Шамп Пиро, 92000 Нантер, Франција, доставено преку адвокатско друштво Кнезовиќ и Соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 27.08.2019 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која СПИКА со седиште на 23 плас де Карм Дешо 63000 Клермон-Феран Франција и ФАУРЕЦИА ЕКЗОСТ ИНТЕРНАЦИОНАЛ со седиште на 23-27 Авенија де Шамп Пиро, 92000 Нантер, Франција, имаат намера да стекнат заедничка контрола над Симбио со седиште на 14 ру Жан Пјер Тимбо, 38600 Фонтен, Франција преку купопродажба на удели и пренос на одредени средства, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3. Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 09.08.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше

доставено известување за концентрација од СПИКА со седиште на 23 плас де Карм Дешо 63000 Клермон-Феран Франција и ФАУРЕЦИА ЕКЗОСТ ИНТЕРНАЦИОНАЛ со седиште на 23-27 Авенија де Шамп Пиро, 92000 Нантер, Франција, со која СПИКА и ФАУРЕЦИА ЕКЗОСТ ИНТЕРНАЦИОНАЛ имаат намера да стекнат заедничка контрола над Симбио со седиште на 14 ру Жан Пјер Тимбо, 38600 Фонтен, Франција преку купопродажба на удели и пренос на одредени средства. Трансакцијата ќе се имплементира преку (1) зголемување на основната главнина на Симбио од страна на Мишелин (2) стекнување од страна на ФАУРЕЦИА ЕКЗОСТ ИНТЕРНАЦИОНАЛ на 50% од капиталот во Симбио и (3) пренос на одредени средства од страна на ФАУРЕЦИА ЕКЗОСТ ИНТЕРНАЦИОНАЛ и Мишелин во Симбио.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**СПИКА** е поврзано друштво во целосна сопственост на Compagnie generale des Establissements Michelin (“CGEM”), холдинг компанија на Мишелин Групата која котира на Euronext берзата. Мишелин е француска групација која произведува гуми за автомобили, комбиња, камиони, автобуси, немоторизирани возила со две тркала, моторизирани возила со две тркала, авиони, возови на метро и трамваи, како и пневматици за индустриски и земјоделски возила. Мишелин е активен во секторот на производство на гуми како и во секторот на дистрибуција на гуми, преку продавници на мало и он лајн мрежи. Мишелин е исто така активен на пазарот за транспорт и пазарот на гасеничари.

Освен тоа, преку своето поврзано друштво Симбио и заедничкото вложување Hympulsion (инсталација и работа на 20 водородни станици за полнење на гориво), Мишелин е активен во водородниот сектор.

Мишелин Групацијата нема поврзани друштва, подружници или претставништва во Република Северна Македонија, но има остварено приходи.

**ФАУРЕЦИА ЕКЗОСТ ИНТЕРНАЦИОНАЛ** е во целосна сопственост на Фауреција СЕ, холдинг-компанија на групацијата Фауреција.

Фауреција е француски снабдувач на автомобили со седиште во Нантер, Франција, а неговите акции котираат на Euronext берзата. Faurecia е глобално активен во развојот, производството и снабдувањето со автомобилски компоненти и модули за патнички автомобили и комерцијални возила. Фауреција е таканаречен основен снабдувач, односно снабдувач за модули за возила оригиналните производители на опрема за автомобили. Неговото работење има четири главни области: производство и продажба на седишта за автомобили, производство и продажба на внатрешни системи, развој и снабдување со технологии за контрола на емисиите (издувни системи, исто така познати како "Clean mobility) и развој и производство на хардвер и софтвер во возилото кои обезбедуваат аудио или видео забава, системи за поврзување на корисникот и возилото (HMI) и услуги за поврзување (исто така познати како "Clarion Electronics").

До денес, Фауреција има развиено партнерства во водородниот сектор.

Фауреција Групацијата нема поврзани друштва, подружници или претставништва во Република Северна Македонија, но има остварено приходи.

Создаден во 2010 година, **Симбио** е производител на опрема кој дизајнира водородни системи за горивни ќелии кои можат да се интегрираат во неколку електрични возила (автомобили, за комунални услуги, комбиња, автобуси, камиони). Кога се опремени со истите, овие возила нудат голема удобност при користење, додека останува "нулта емисија на издувни гасови". Неколку возила се опремени со системите за гориво на Симбио (главно лесни комерцијални возила, особено Kangoo ZE H2).

Симбио не е активен на пазарот во Република Северна Македонија и не генерира никаков приход.

Се очекува дека заедничкото вложување ќе биде активно во проектирање, инженеринг, развој, тестирање, производство, маркетинг и продажба на системи за водородни горивни ќелии и енергетски единици за горивни келии кои треба да се интегрираат во системите за водородни горивни ќелии за автомобилскиот сектор.

Пред концентрацијата СПИКА поседува 100% од акционерскиот капитал и правата на глас во Симбио.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**